**Здружение на пензионери Ѓорче Петров**

# ИЗВЕШТАЈ

**за работата на органите и телата на**
**Здружение на пензионери Ѓорче Петров**
**за 2023 година**

**Скопје 2024 година**

Во Извештајот што го презентираме пред Собранието, сакаме на еден прегледен и систематизиран приод да ги прикажеме активностите на органите и телата на Здружението, утврдени со Програмата за работа за 2023 година. Во Извештајот ќе бидат изнесени и активности кои не биле предвидени со Програмата за 2023 година, но со својата актуелност се наметнале за разгледување и реализирање во овој период. Веднаш на почетокот да кажеме дека и овој извештај не може во искажувањето да не не потсетува на извештаите од претходните години, бидејќи прашањата што биле разгледувани и реализирани, содржински се исти или идентични од оние што биле разгледувани и порано, но разликата е во интензитетот на реализирањето. А реализирањето на активностите по обем е лимитирано од средствата со кои располагало Здружението. Извршниот одбор при реализирањето на програмските активности, се раководеше од принципот да не врши пречекорување на програмираните задачи, ни по обем, ни по содржина, што значи почитување на актите донесени од Собранието (Програмата за работа и Финансискиот план). Своите активности, ИО ги реализираше на седници на ИО на кои скоро секогаш присуствуваа сите членови на Извршниот одбор. По потреба ИО одржуваше и проширени седници на кои беа поканувани и претседателите на разграноците, претседателот на НО, Комисијата за статут и правни прашања, Комисијата за Здравство, Комисијата за Материјално Финансиско работење и набавки, Активот на жени, Претседателот за Култ. заб. Живот Претседателот за Спорт и други . На сите седници на ИО се кани и претседателот на Собранието. Во извештајниот период, новиот извршниот одбор има одржано 11 седници од кои 10 во проширен состав, претходниот состав има одржано 2- седници, или вкупно во двата состави извршниот одбор има одржано 13-седници во 2023 година. На седниците на Извршниот одбор беа поставувани прашања кои произлегуваа од Програмата за работа на Здружението и прашања кои биле покренувани од СЗП на град Скопје, СЗПМ како и други прашања и проблеми за кои се барало ангажирање на ИО или негово мислење и став по одредено прашање. За одбележување е и тоа што прашањата покренати од разграноците се разгледуваа на седници на ИО. Седниците на ИО одбор биле секогаш добро подготвени со однепред изготвен материјал по точките што биле на дневен ред, со цел членовите на ИО да може навремено да ги разгледаат и да учествувааат во расправата и носењето на одлуките.

За прашања по кои се расправало на седниците на ИО се донесувани соодветни одлуки, заклучоци, препораки и предлог-акти што се доставувани за разгледување на седниците на Собранието.

Во продолжение на Извештајот ќе ги прикажеме активностите на ИО и тоа како:

> Активности на ИО за подготвување на материјали за седниците на Собранието;

> Активности на ИО за оставрување на програмските задачи и задачите што произлегуваат од Статутот на Здружението и другите акти

**Активности на Извршниот одбор за подготвување на материјали за седниците на Собранието**

*ИЗБОРИ*

Мандатот на органите и телата на Здружението завршуваше во месец Март **2023** година . За навремено извршување на изборите, претседателот на Собранието навреме ги распиша изборите во рок предвиден со Статутот.
За спроведување на изборите беше задолжена Комисијата за избори.
Навреме беа подготвени потребните материјали . Беа одржани состаноци со претседателите на разграноците и одборите на разграноците. На овие состаноци им беа објаснети обврските на претседателите за спроведување на изборите . На предлог на претседателите беа договорени термини за свикување на Собир на пензионери во разграноците . Особено беше нагласено да се почитуваат насоките изготвени од Извршниот одбор за спроведување на изворите .
Собирите на пензионери беа успешно организирани , а масовното учество на пензионерите на тие Собири покажа дека тие се заинтересирани да се изберат што поквалитетни кадри во одборот на разгранокот , во Собранието и Извршниот одбор .
Од новоизбраниот состав на Собранието, ИО и разграноците, може да се констатира дека се избрани квалитетни членови кои со успех ќе ги извршуваат довереците задачи.
Во разгранокот Хром, Дексион, К. Јабука и Волково беа избрани нови членови за претседател од составот на одборот на разгранокот.

*СОБРАНИЕ*

По спроведувањето на избори за членови на Собранието , се одржа Конститутивна седница на 28. 02. 2023година. На оваа седница се верифицирани мандатите на избраните членови на Собранието и за претседател на Собранието беше избран Васил Дрвошанов.
На Конститутивната седница избрани се членови на Извршниот одбор , Надзорниот одбор , Комисијата за Статут и правни прашања , Комисија за спроведување на избори .
Исто така на оваа седница е избрани се два члена на Собранието на СЗПМ и два члена на Собранието на СЗП на град Скопје.
По завршувањето на Конститутивната седница истиот ден на 28. 02. 2023 година се одржа и Првата седница на Собранието во новиот состав.



Во овој период ИО се ангажираше да ги подготви седниците на Собранието со цел да бидат реализирани програмските задачи и задачите кои произлегуваат од Статутот.
За седниците на Собранието беа подготвувани следните материјали

- Извештај за работа на органите и телата за 2022 година.
- Разгледан е и усвоен Финансискиот извештај на приходи и расходи и Годишна завршна сметка на Здружението за 2022 година.
- Донесен е Правилникот за работно време и надоместоци на ЗП- Ѓорче Петров-Скопје.
- Програма за работа на органите и телата на Здружението за 2024година;
- Финансов план на приходи и расходи за 2024 година

Наведените материјали беа разгледувани од ИО. Предложените материјали од Собранието беа прифатени. Собранието по предложените материјали донесе соодветни одлуки, заклучоци и препораки кои ИО одбор ги реализирал.

За квалитетно подготвување на материјалите зборува податокот дека сите материјали биле прифатени од Собранието.

**Активности на Извршниот одбор за реализирање на Програмата за работа**

❶ **Соработка со СЗПМ и остварување на стекнатите права на пензионерите.**

Извршниот одбор ги следеше промените на прописите од областа на пензиското и здравственото осигурување. Во овој период некои значајни промени во овие области не се донесени.

Можеме да искажеме задоволство од редовноста на исплатата на пензиите.

Прашањето за усогласување на пензиите беше извршено според Законот, и тоа создаде одредено незадоволство и реакции.




Во здравственото осигурување не се остварени некои промени кои се однесуваат на подобрувањето на здравствената заштита на пензионерите. Останува и понатаму нереализирано барањето за ослободување од партиципација во здравствената заштита на пензионерите постари од 65 години. Добро е тоа што се поведе постапка за проширување на позитивната листа на лекови.

Од организирањето на здравствената заштита на територијата на општината можеме да бидеме задоволни.

Малиот процент на усогласување на пензиите придонесе за натамошен пад на пензиите во однос на просечнината и минималната исплатена плата. Ова води кон натамошно

опаѓање на стандардот на пензионерите. Поради што од страна на пензионерите беа организирани протести со барање заштита на стандардот на пензионерот.

Нивното единствено барање беше линеарно зголемување на пензиите за 3. 500 денари. Со ова барање ние како здружение не се согласивме и побаравме трајно решение на овој проблем.

По ова прашање ние како здружение одржавме работни состаноци по разграноците и на истите беше предложено мерки со кои ќе се допринесе да се заштити стандардот на пензионерите.

Здружението ги предложи следниве мерки:

>Најниската пензија да биде 75% од најниската плата.
>Просечната пензија да не биде пониска од 65% од просечната плата.
>Пресметката за усогласување да се врши Јануари – Јуни и Јули декември. Како би се створиле услови наместо 8-месеци пресметката да се врши за 12-месеци.
>Дегресивно зголемување на пензиите (Во услови кога цените на прехрамбените производи рапидно растат на пензионерите со ниски пензии да се зголемат пензиите со поголем процент )без да се наруши стабилноста на Фондот.

Овие мерки од наша страна беа предложени и доставени до СЗПМ.

## ❷ Здравствена и социјална заштита.

Во 2023 година на прашањето на здравствената заштита ИО преку соодветната комисија ги реализираше планираните активности.
За подобрување на здравствената заштита на пензионерите Извршниот одбор потпиша Спогодба за соработка со организацијата на Црвениот крст. Благодарение на добрата соработка со Црвениот крст беа организирани повеќе предавања за заштита на здравјето на луѓето од третото доба. Во разграноците Волково, Даме Груев, Клубот за Дневен претстој како и во салата на Домот на пензионери беа организирани бесплатни прегледи и мерење на крвниот притисок и шеќер во крвта, преглед на слухот и поделба на бесплатни ушни слушалки. Исто така беа организирани и предавања од областа на здравството. Во соработка со доктор-професор Драган Илиевски како и други стручни лица од областа на медицината.
Во соработка со СЗПМ организирани се интернистички прегледи во клиниката Жан Митрев како и офтомолошки прегледи од страна на Промедика- офтамологија .
Интересот на пензионерите за ваквите прегледи беше огромен.

## Помош на пензионерите

Здружението не располага со доволно средства за оваа намена. Оваа година ИО одлучи да додели помош на пензионери со мали пензии, Оваа помош се состоеше во парична помош во износ од 2000 денари која беше доделена пред Нова година на 140 пензионери како и доделена парична помош на 20 пензионери со тешки заболувања.



На пензионери со ниски пензии од руралниот дел(Кучково, Никиштани и Орман) им беа доделени пакети, како и на пензионери со ниски пензии по разграноците

Во иднина оваа пракса ќе продолжи и во зависност од материјалните можности на здружението.

## ❸ *Законско водење на материјално финансиско и книговодствено работење*

Реализирање на функциите на Здружението е условено со остварување на планираните приходи.

Планираните приходи се остваруваа според предвидената динамика во финансиксиот план.

Расходниот дел се реализира според планираното и се води строга евиденција на трошењето на средствата. Од финансискиот извештај може да се види дека нема пречекорување на планираните расходи.

Извршниот одбор има одговорна задача пред Собранието активностите да ги реализира според Програмата за работа и средствата предвидени во финансискиот план.

-Значајна активност во 2023 година на Комисијата за материјално финансиско работење и набавки беа следење на финансиското работење на здружението и навремено изготвување на финансиски извештаи во согласност со новиот Закон за Здруженија и Фондации. Финансиското работење е следено и од страна Надзорниот Одбор кој повремено доставува извештаи за работата на здружението.

-Во почетокот на 2023 година ќе бидат разгледувани и донесени следните акти:
- Финансиски извештај за 2022 година.
-Завршна сметка за 2022 година
- Финансики План за 2024 година.
-Повремени извештаи за остварување на приходите и расходите за 2023 година.
-По потреба изготвување на Ребаланс за Финансискиот план.
-Извештај на Надзорниот одбор за 2022 година.
-Извештај на пописната комисија за 2022 година.

## ❹ *Спортски активности*

Извршниот одбор посебно внимание им посветува на спортските активности на нашите членови. Како резултат на тоа се постигнатите резултати на Регионалните и Републичките натпревари. На овој план Здружението оваа година постигна задоволителни резултати.

Оваа година ја имавме честа да бидеме домаќини на Регионалните спортски натпревари на пензионерите од Вториот регион. Извршниот одбор и Комисијата за спорт навреме изготвија план за спроведување и подготовки за натпреварите.

Извршниот одбор формира посебен одбор со задача да изготви програма за одвивање на подготовките и одржување на натпреварите. Беше побарана помош и од стручни лица, кои со задоволство се прифатија да помогнат со стручни совети. За покровител на натпреварите беше поканет да биде градоначалникот на општина Ѓорче Петров господин Александар Стојковски. Во подготвителниот дел за настап на натпреварите беа организирани натпревари меѓу разграноците. На овие натпревари зедоа учество над 250 пензионери скоро од сите разграноци.



Од постигнатите резултати на нашите натпреварувачки не треба да бидеме сосема задоволни. На Регионалните натпревари нашето здружение освои едно (1) прво место во шутирање на кош –жени.

Со што се здобивме со право на настап на Републичките натпревари на пензионерите што се одржа во Брвеница(Тетово).

На Републичките спортски натпревари на пензионерите нашите натпреварувачки не успеаа да постигнат задоволителни резултати.

Во иднина ќе се залагаме за постигнување на подобри резултати да се изврши подмалдување на екипите во одделни дисциплини и понавремено отпочнување на подготовките и вклучување на пензионери кои биле спортски работници и спортисти

## ❺ *Одмор и Ракреација*

Во текот на 2023 година беа изведени 10 еднодневни излети до познати излетнички места во државата и странство. Излетите беа организирани со 18 автобуси што значи дека на излет беле повеќе од 900 пензионери.



Според изготвените критериуми на излети не треба да одат исти пензионери. Овој критериум од страна на раководствата на разграноците недоследно се применува.



Присутна беше појавата картите да се даваат на познати, пријатели и на пензионери кои не живеат на подрачјетот каде делува разгранокот.

Со цел да се овозможи што поголем број на пензионери да учествуваат на излетите, во иднина треба да се размисли дали оние пензионери што повеќе пати учествуваат на излетите да учествуваат со поголем износ во партиципацијата на превозот.

Два излети беа организирани во странство. Р. Србија со посета на тврдината во Ниш и ќеле кулата, како и посета на манастирот *Св. Прохор Пчински* и Врање.

### ❻ *Културно- забавен живот*

За одвивање на активностите од културно-забавен живот во разграноците не се создадени потребните, просторни и материјални услови.



Комисијата за културно-збавен живот изготви програма за настап на Ревијата игра, песна и музика што оваа година се одржа во Тетово. Нашето здружение на оваа ревија настапи со изворен фолклор. Настапот на нашите учесници беше извонредно примен од публиката, со што се стекнавме со право на настап во Кочани на Републичката ревија. Исто така значајно ме да напоменеме дека здружението зеде учество и во емисиите Везилка и Качамек.




Пензионерите масовно присуствуваа и на театарски претстави. Услови за организирање на други манифестации од културно-забавен карактер нема. Има желба да се организираат изложби на пензионери-сликари, литературни читања, предавања и сл.

## ❼ *Соработка со локалната самоуправа и други организации*

Нашето здружение на соработката со локалната самоуправа и другите организации и институции им посветува посебно внимание.

Соработката со локалната самоуправа се одвива на општо задоволство. Оваа соработка годинава беше крунисана со потпишување на Меморандум за соработка меѓу здружението и општината. Во неа се конкретизирани обврските и прашањата во рамките на кои ке се одвива соработката. На седниците на собранието скоро редовно е поканет и присуствува градоначалникот на општината, кој со своето ушество придонесува за побогата и посодржајна расправа по материјалите што се на дневен ред. На овој план треба да се истакне и добрата практика здружението да биде вклучено во одредени активности и манифестации организирани од страна на општината. Во иднина ќе треба повеќе да се користи богатото животно и работно искуство на пензионерите со нивно вклучување во работата на телата на Советот на општината. За жал ќе констатираме дека во составот на Советот на општината нема ниту еден пензионер, што од друга страна зборува за односот на политичките партии кон пензионерите.
Соработката на здружението со другите здруженија на пензионери се одвива на повеќе нивоа. Воспоставена е практика за меѓусебни контакти и дговарања за решавање на одделни прашања од заеднички интерес. Не изостануваат и меѓусебните средби на културно-забавен, спортски и рекреативен план. Со соработката со здруженијата од градот неможеме да бидеме задоволни. Отсуствува една поширока соработка со здруженијата-членови на СЗП на град Скопје. Не се искористени предностите за соработка на организационен, спортски, културно-забавен и рекреативне план.

## ❽ *Информирање*

Информирањето како активост за запознавање на нашето членство со работата на органите и телата на СЗПМ, СЗП на град Скопје и нашите органи и тела, Општината и пошироко се од посебно значење за пензионерите. Извршниот одбор редовно информира за работата на органите и телата на нашето здружение. Тоа го прави преку состаноци во разграноците, клубовите на пензионери. Вообичаено е материјалите што ги разгледуваат органите да бидат доставени однапред и на состаноците да бидат изнесени мислењата искажаи по нив во разгранокот.
Програмата за работа, Извештаите за работа на органите и телата, Завршните сметки, Финансискиот план, Одлуките на Собарнието и ИО редовно се доставуваат до разграноците. Голем придонес во информирањето на нашето членство секако има и пензионерското гласило-весникот *Пензионер-плус*, емисијата *Трето доба* на МТВ. Весникот **Пензионер-плус** веднаш по добивањето се распределува по разгранците и клубовите.
Ќе се направат напори да се почне со издавање на информативен билтен што како обврска треба да остане во наредната година.

## ❾ *Разграноци*

Во здружението на пензионери Ѓорче Петров делуваат 7 разграноци, како основна форма на организирање и делување во урбаните и месните заедници. Два разгранока делуваат во руралните средини и 5 разгранока во урбаните средини.



Реализирањето на секоја програмска содржина почнува од разгранокот. Досегашната пракса на претседателите на разграноците да бидат поканувани на седниците на ИО даваат добри резултати. Со претседателите на разграноците се одржани повеке договорни состаноци на кои се прават конкретен договори за реализирање на програмските активности или за превземање на активности за решавање на некое прашање кое со својата актуелност се наметнува. Здршжението во разграноците Даме Груев, Волково и Ѓорче Петров организираше предавања и обуки на пензионерите и тоа:

Обука за работа со компјутери. Предавање за препознавање на лажни информации. Под мотото не верувај - проверувај користи факти. Предавање од областа на подобрување на економската состојба на пензионерите под мото Вложивај и штеди и други предавања.

Од работата на разграноците во овој период не можеме целосно да бидеме задоволни. Во некои разграноци има поголема активност и посодржајна работа , додека во други активноста во нив се сведува во делење на карти за излети.

На активностите во разграноците во иднина треба да се посвети поголемо внимание, особено сега во годината кога од страна на СЗПМ 2023/2024 е прогласена за година на ограноците. Од разгранокот треба да потекнуваат иницијативи за покренување на прашања што треба да бидат на дневен ред на органите и телата на здружението, СЗПМ и СЗП на град Скопје.

***Клубовите на пензионери***

Клубовите во разграноците работат од 17.00 до 19.00 часот, два дена во неделата каде пензионерите поминуваат дел од своето време во следење на дневен печат, играње на шах, карти, домино, табла и пикадо. Клубот за дневен претстој работи секој ден. ( Понеделник – Петок)

Поголем дел од трошоците за одржување на клубовите ги сноси општината, а исто така со свои сретства за одржување учествува и здружението. Одржувањето на клубот за дневен претстој е на трошок на здружението.

❿ ***Актив на Жени***

Во здружението на пензионери Ѓорче Петров како основна форма на организирање и делување е и активот на жени пензионерки кој во 2023 година ги презеде следниве активности.



> Организирање на Сирна недела во клубот на разгранокот Даме Груев.
> Организирање прослава по повод 8-ми Март денот на жените.
> Организирање на избор на најшарено јајце.
> Учество на Томина недела во Виница.
> Посета на театарски претстави во драмски и народен театар.
>Еднодневни екскурзии и посета на активот на жени во Крушево и Велес.
>Средба со активот на жени Сарај.
>Организирање посети на културно историски споменици во Скопје.

Х Х Х

Податоците во извештајот се реални и се темелат на документацијата и извештаите на Комисиите и помошните тела на ИО.

Извршниот одбор му предлага на Собранието да го разгледа извештајов, да даде оценка за неговата содржина и да го усвои.

**Претседател на Собранието**
**Васил Дрвошанов**